# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 4/2021 Пробиштип 05.05.2021 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.48 одржана на ден 29.04.2021 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Констатација по оставка од Сандра Мијалкова од Член на Совет на Општина Пробиштип бр.26-468/3,
2. Решение за формирање верификациона комисија бр.26-468/4,
3. Решение за верификација на мандат на член на Совет во Општина Пробиштип бр.26-468/5,
4. Решение за разрешување и и именување на член во Комисијата за молби и барања бр.26-468/6,
5. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за општествени дејности бр.26-468/7,
6. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за еднаквост меѓу половите бр.26-468/8,
7. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за одбележување на празници и манифестации, доделување на награди и признанија и односи со верските заедници бр.26-468/9,
8. Одлука за давање согласнсот на финансиски извештај за работа на ЈКП Никола Карев за период од 01.01.2021 до 31.03.2021 година бр.26-468/10,
9. Одлука за давање согласнсот на изменување и дополнување на годишен план за вработување на ЈКП Никола Карев за 2021 година бр.26-468/11,
10. Одлука за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2021 до 31.03.2021 година бр.26-468/12,
11. Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година бр.26-468/13,

12. Одлука за изменување на одлука за извршување на буџетот за 2021 година бр.26-468/14,
13. Одлука времена експропријација за ул.Илинденска и дел од ул.Гоце Делчев бр.26-468/15,
14. Одлука за изменување и дополување на Одлуката за одобрување субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип во трошоците за набавка на велосипед и за утврдување начинот, условите и постапката за субвенционирање бр.26-468/16,
15. Барање од ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип за барање согласност за расходирање на подвижни ствари и ставање вон употреба бр.26-468/17,
16. Барање од ОО на Црвен крстПробиштип за давање во сопственост на дел од зграда во коај е сместена ОО на Црвен крст Пробиштип бр.26-468/18,
17. Одлука за изменување на Одлуката за формирање на советодавна граѓанска група на Општина Пробиштип од областа на животната средина бр.26-468/19
18. Програма за заштита од штетни дејства на водите бр.26-468/20,
19. Оперативен план за заштита и одбрана од поплави бр.26-468/21,
20. Заклучок по барање од Ресторант Инка Пробиштип бр.26-468/22-1,
21. Заклучок по барање од Павле Митевски Злетово бр.26-468/22-2,
22. Заклучок по барање од Виолетка Јакимовса Пробиштип бр.26-468/22-3,
23. Заклучок по барање од Ињо Тодосов Злетово бр.26-468/22-4,
24. Заклучок по барање од Елена Николовска Пробиштип бр.26-468/22-5,
25. Заклучок по барање од Мимица Стојановска Пробиштип бр.26-468/22-6,
26. Заклучок по барање од Васкка Илиевсска Пробиштип бр.26-468/22-7,
27. Заклучок по барање од Снежа Петковска Пробиштип бр.26-468/22-8,
28. Заклучок по барање од Трајан панов Пробиштип бр.26-468/22-9,
29. Заклучок по барање од Мартина Христова Злетово бр.26-468/22-10,
30. Заклучок по барање од Фросина Спасовска Пробиштип бр.26-468/22-11,
31. Заклучок по барање од Даниела Сребреновска Злетово бр.26-468/22-12,
32. Заклучок по барање од Светлана Николова Пробиштип бр.26-468/22-13,
33. Заклучок по барање од Года Сребреновска Злетово бр.26-468/22-14,
34. Заклучок по барање од Николина Костадинова Пробиштип бр.26-468/22-15,
35. Заклучок по барање од Габриела Алексиќ Добрево бр.26-468/22-16,
36. Заклучок по барање од Верица Петковска Пробишти бр.26-468/22-17,
37. Заклучок по барање од Светлана Стојанова Пробиштип бр.26-468/22-18,
38. Заклучок по барање од Лозена Миланова Добрево бр.26-468/22-19,
39. Заклучок по барање одЉупчо Глигоров Плешени бр.26-468/22-20,
40. Заклучок по барање од Димитар Ранов Пробиштип бр.26-468/22-21,
41. Заклучок по барање од Жаклина Георгиевска Пробиштип бр.26-468/22-22,
42. Заклучок по барање од Иван Митев Злетово бр.26-468/22-23,
43. Заклучок по барање од Даниела Начкова Пробиштип бр.26-468/22-24,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-26-468/24 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
05.05.2021 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Општина Пробиштип бр.5/2002) и оставката од Сандра Мијалковска бр. 26-374/1 од 24.03.2021 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година

**КОНСТАТИРА**

Мандатот на Сандра Мијалковска член на Советот на Општина Пробиштип престанува пред истекот на мандатот на ден 29.04.2021 година, поради поднесена оставка од лични причини.

Број 26-468/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Верификациона Комисија**

1. Се формира Верификациона Комисија која има за задача да изврши увид во Известувањата од Општинската Изборна Комисија, доставеното уверение од страна на членот кој доаѓа како нареден од листата, на местото на членот на кој мандатот му престанал, утврдување на неговиот идентитет и поднесува Извештај со предлог за верификација.

2. За претседател и членови на Верификационата Комисија се избираат:
   - Симона Јованова-претседател,
   - Давор Тоневски-член и
   - Дарко Герасимовски-член

3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р

---

Врз основа на членовите 10, 11, 12, 13 и 14 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005), Советот на општина Пробиштип на седница на Советот одржана на ден 29.04.2021 година, а по предлог на Верификационата Комисија го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За верификација на мандат на член на Советот на општина Пробиштип**

1. Се верификуваат мандатот на Дарко Кузев како член на Советот на Општина Пробиштип.

2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 32 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 од Статутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во Комисијата за молби и барања**

1. Сандра Мијалковска се разрешува од член во Комисијата за молби и барања при Советот на Општина, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за молби и барања при Советот на Општина, се именува Дарко Кузев.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р

---

Врз основа на член 32 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 од Статутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во Комисијата за општествени дејности**

1. Сандра Мијалковска се разрешува од член во Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина, се именува Дарко Кузев.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 32 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во Комисијата за еднаквост меѓу половите**

1. Сандра Мијалковска се разрешува од член во Комисијата за еднаквост меѓу половите при Советот на Општина, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за еднаквост меѓу половите при Советот на Општина, се именува Дарко Кузев.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 32 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член во Комисијата за одбележување на празници и манифестации, доделување на награди и признанија и односи со верските заедници**

1. Сандра Мијалковска се разрешува од член во Комисијата за одбележување на празници и манифестации, доделување на награди и признанија и односи со верските заедници при Советот на Општина, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за одбележување на празници и манифестации, доделување на награди и признанија и односи со верските заедници при Советот на Општина, се именува Дарко Кузев.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 289/2015) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП„Никола Карев„ од Пробиштип за периодот од 01.01.2021 година до 31.03.2021 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Финансискиот извештај на ЈКП„Никола Карев„ од Пробиштип за периодот од 01.01.2021 година до 31.03.2021 година**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Финансискиот извештај на ЈКП„Никола Карев„ од Пробиштип за периодот од 01.01.2021 година до 31.03.2021 година бр.05-342/1 од 15.04.2021 година.

Член 2

Составен дел на овој Заклучок е Финансискиот извештај на ЈКП„Никола Карев„ од Пробиштип за перидот од 01.01.2021 година до 31.03.2021 година бр. 05-342/1 од 15.04.2021 година усвоен со Одлука од страна на Управниот одбор на претпријатието бр.02-353/1 од 16.04.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на измена и дополнување на годишен план за вработување на ЈКП Никола Карев од Пробиштип за 2021 година**

Член 1

Се дава согласност на измена и дополнување на годишниот план за вработување на ЈКП Никола Карев од Пробиштип за 2021 година бр. 01-265/1 од 23.03.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е измената и дополнувањето на годишниот план за вработување на ЈКП Никола Карев од Пробиштип за 2021 година бр. 01-265/1 од 23.03.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-468/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2021 до 31.03.2021 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2021 до 31.03.2021 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-468/12
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, донесе:

## ОДЛУКА
### За проширување на средства на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 742111 Приходи од обединетите нации | 0 | 0 | 27.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 27.000 | 0 |
| И се распоредуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| Т10 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 27.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 27.000 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-468/13
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник наРепублика Македонија" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр, 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15, 209/18 и Службен весник на Република Северна македонија бр. 244/19), член 31 од Законото з абуџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 93 став 2 од Законот за административните службнеици (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), одредбите од Грански колективниот договор органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранитето на Република Северна Македонија (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.51/2020) и член 94 од Статутот на општина Пробиштип ("Службен гласник на општина Пробиштип" бр. 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-1011/26 од 29.12.2020 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 44/2020, и тоа:

Во членот 6 став 4 зборот „наемнини" се брише.

Во членот 10 годината „ 2020" се заменува со „2021".

Во членот 14 став 1 делот „404150-Други надоместоци" се заменува со „4040110-Надомест за годишен одмор".

Во членот 15 делот „404150-други надоместоци" се заменува со „464990-Други трансфери".

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-468/14
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) , член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/05, 25/14, 29/15 и 23/19) и член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016 и 178/2016), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 29.04.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За резервирани средства за непотполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип за 2021 година**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат средства за непотполна експропријација на градежно земјиште за изградба на фекална канализација на дел од улица Илинденска и Гоце Делчев во Пробиштип со должина од 140 метри, во сопственост на физички лица предвидени со Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (за времена експропријација) Деловоден бр. 59/21-7 од 19.03.2021 година на Друштвото за геодетски работи Гео-Сигма груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетската програма ЕА – Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2021 година на контото 485420- Надомест за одземен имот – 700.000 денари.

Член 2

Надоместокот за непотполна експропријација ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижен имот .

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-468/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.04.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на членот 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), за реализација на планирани активности во Програмата за спроведување на активности на спортските друштва и за активности на општината во спортот за 2021 година („Службен гласник на Општина Пробиштип“ бр.42/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 29.04.2021 година ја донесе:

## ОДЛУКА

**Изменување и дополнување на Одлуката за одобрување субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип во трошоците за набавка на велосипед и за утврдување начинот, условите и постапката за субвенционирање**

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за одобрување субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип во трошоците за набавка на велосипед и за утврдување начинот, условите и постапката за субвенционирање бр. 26-284/8 од 12.03.2021 година , објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 3/2021 и тоа:

Членот 3 став 3 се менува и гласи:

„ Висината на поединечната субвенција по барател/домакинство изнесува 40 % од вредноста на набавениот велосипед но не повеќе од 4.000,00 денари во нето износ. Персоналниот данок ќе биде на товар на Општината од вкупно одобрените средства за субвенции. Со оваа одлука ќе бидат субвенционирани баратели/домакинства се до исцрпување на вкупно одобрените средства “.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-468/16
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 а во врска со точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) Советот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## За давање согласност на Одлуката на ЈОУДГ Гоце Делчев од Пробиштип за расходирање на подижни ствари и ставање вон употреба

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за расходирање на подижни ствари и ставање вон употреба бр. 02-83/1 од 21.04.2021 година донесена од Управниот одбор на Јавната општинска установа Детска градинка Гоце Делчев од Пробиштип

Член 2

Се задолжува ЈОУДГ Гоце Делчев од Пробиштип да ја чува расходираната подвижна ствар до спроведување а постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад заради продажба на движната ствари која поради дотраеност, неупотребливост, или технолошка застареност не се користи од Општина Пробиштип или правните лица основани од општината, не може да се продаде или да се размени.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-468/17
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002) а во врска со член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), разгледувајќи го барањето од ОО на Црвен крст Пробиштип бр. 26-165/1 од 03.02.2021 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година го донесе донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**по барање од ОО на Црвен крст Пробиштип**

1. Барањето од ОО на Црвен крст Пробиштип бр. 26-165/1 од 03.02.2021 година не се прифаќа од причина што согласно член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Општината со одлука на Совет со или без надоместок може да даде на трајно или на времено користење недвижни ствари во сопственост на општината само на државни органи и на правни лица основани од државата.

   Општинската организација на Црвен крст Пробиштип е невладина и вонпартиска организација, која има својство на правно лице, доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Северна Македонија, заради што не е во согласност со членот 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

2. Се упатува барателот да достави барање до Владата на Република Северна Македонија преку Црвенот крст на Република Северна Македонија заради отстапување на простор во сопственот на Република Северна Македонија.

3. Заклучокот влегува во сила со донеувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-468/18
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 став 2 од Статутот на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За изменување на Одлуката за формирање на советодавна граѓанска група на Општина Пробиштип од областа на животната средина**

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување на Одлуката за формирање на советодавна граѓанска група на Општина Пробиштип од областа на животната средина број 26-1080/37 од 25.11.2019 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 30/2019 година и тоа:

Во членот 2 став 2 алинеа 3 „ Даниела Георгиевски за член" се брише.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-468/19
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 124 од Законот за водите (Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Пробиштип во областа на заштита од поплави за 2021 година**

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, ревитализација по настанатата елементарна непогода (поплава), ублажување и елиминирање на настанатата состојба. Според законските одредби, Општина Пробиштип во 2021 година овие активности ќе ги остварува преку

- Општински штаб за заштита и спасување,
- Регионалниот центар за управување со кризи,
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализиран екипи, одделенија),
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреки на територијата на Општина Пробиштип,
- ТППЕ која дејствува на територијата на општина Пробиштип, а по потреба и граѓаните кои доброволно ќе се приклучат во акциите.

1. Цели на програмата
   - Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природна непогода – поплава,
   - Ревитализација на општината по елементарната непогода – поплава,
   - Заштита и спасување на животната средина, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природна непогода – поплва,
   - Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,
   - Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на поплави и ублажување на последиците од истите,
   - Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување и справување со кризи

2. Активности за реализација на програмата

За реализација и остварување на основните цели на Програмата, активностите на Општина Пробиштип и Советот на Општина Пробиштип ќе бидат насочени кон создавање на максималните услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата создадена од поплава, како и заштитата и спасувањето во услови на поплава, превенција и справување од истата.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализираната активност. Општина Пробиштип преку оваа Програма за 2021 година во рамките на своите материјлни можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна, техничко стручно обучена, подготвена и опремена единица за заштита од поплави кој ке дејствува заедно со ТППЕ – Пробиштип и граѓаните. Со тоа ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Пробиштип и ќе се овозможи развој и зајакнување на капацитетите на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето, превенцијата и справувањето со кризни појави и состојби на просторот на Општина Пробиштип.

3. Финансирање на програмата

Финансирањето на активностите од областа на заштита и спасување, превенција и справување со кризни појави (поплави), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од
   - Средства од буџетот на Општина Пробиштип и буџетот на Република Северна Македонија
   - Доброволните прилози и други средства од осигурителни друштва, домашни и странски фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување и заштита од поплави и друг вида на несреки.

А) Заштита од поплави и зајакнување на доброволното вклучување во активности за заштита и спасување од поплави

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на Општина Пробиштип | 300,000 |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | |
| 3 | Приходи од други извори, донации, проекти | 300,000 |
| | | |
| | | |
| 4 | Вкупно : 1-3 | 600,000 |

Б) Заштита од поплави, зајакнување на доброволното вклучување во активности за заштита и спасување од поплави и спроведување на други обуки и мерки за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | АКТИВНОСТИ - РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обуки на штабови и единици за заштита од поплави | |
| 2 | Формирање на посебно тело за заштита и спасување од поплави (составено од организации со законска обврска за истото) | |
| 3 | Набавка на техничка и заштитна опрема за заштита од поплави | 300,000 |
| 4 | Активности за проектирање и реализација на вежбовни активности | 50,000 |
| 5 | Изработка на план за евакуација и згрижување на лица во случај на поплави | |
| 6 | Финансиска подршка на комисија за проценка штети од елементарни и други несреки во Општина Пробиштип | 30,000 |
| 7 | Надомест за обука, договорни услуги и материјални трошоци на правни и физички лица учесници во активности за заштита и спасување од поплави | 100,000 |
| 8 | Надомест за обештетување на физички лица загрозени од елементарна непогода - поплава | 100,000 |
| 9 | Финасиска подршка во изработка на проекти и техничка документација во делот на заштита и спасување од поплави | 10,000 |
| 10 | Аплицирање на проекти за обезбедување на додоплнителни финансиски средства од домашни и странски донатори и организации | |
| 11 | Формирање на работна група која ќе ги спроведе активностите во однос на превенција и спасување од поплави<br>- преглед и состојба со водозаштитните објекти на подрачјето на ризик од поплави<br>- преглед на подрачја потенцијално загрозени од поплави (подрачја околу реки, езера и | 10,000 |

| | | |
|---|---|---|
| | акумулации)<br>- преглед на единиците за спасување со план за употреба на истите<br>- преглед на материјалните средства, пловните средства и други помагала кои се ангазираат во заштитата и спасувањето на терен | |
| 12 | Вкупно:1-12 | 600,000 |

4. Други форми и активности за побезбеда општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на Општина Пробиштип

Активностите на Општинаски штаб за кризи, ДЗС, ЦУК и ТППЕ,освен со финансиски средства, Советот на Општина Пробиштип и Градоначалникот на Општина Пробиштип ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- Учество на Градоначалникот и претставници на Советот на вежби, средби и настани организирани од страна на истите
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

5. Завршни одредби

За спорведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Пробиштип и  Одделение за јавни дејности.

Соработката и координацијата ќе е постојана со Општинскиот штаб за заштита и спасување, регионалниот штаб ,ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, државниот инспектор за заштита од поплави, инспекторот за заштита и спасување и други надлежни и сродни институции како органите и телата на Советот и Градоначалникот на Општина Пробиштип. Односно сите институции во рамките на своите законски надлежности заедно со граѓаните, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Според наши согледувања, висината на бараните финансиски средства е минимална во буџетот на општината, а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштитата на материјалните добра од поплави ќе има непроценливо значење за побезбедна општина.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-468/20
29.04.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 126 од Законот за водите (Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.04.2021 година го донесе следниот:

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

## ВОВЕД

Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на Општина Пробиштип е изработен во 2021 година во рамките на планските документи за заштита и спасување од поплави на општина Пробиштип, како задолжен субјект за извршување на заштитата и одбрана од поплави.

Во Оперативниот план се дава приказ на планирањето и подготовка на активности за спроведување на заштитата и одбраната од поплави на територија на Општина Пробиштип вдолж целото сливно подрачје на територијата на општината, како и при евентуално рушење на браната Кнежево и акумулација Пишица.

Планот за заштита од поплави ги вклучува сите главни прашања во однос на одржливата заштита од поплави.

Акцискиот план за заштита од поплави вклучува: општи предвидувања во врска со справувањето со поплавите, основните принципи и пристапи, политики и стратегии, истражување и едукативни активности, подигање на јавната свест и заеднички пристапи за координација, како и финансиски пристап за реализација на активностите.

Најдобрите практики опишани во овој акциски план треба да бидат земени во предвид, особено во однос на: интегрираното управување со речни сливови, безбедноста и осигурувањето, истражувањата, задржувањето на водата и неструктурните мерки, зонирањето и проценката на ризик, структурните мерки и нивното влијание, поплавите како вонредна состојба, развојот на инфраструктурата и урбанистичко планирање и спречувањето на загадувањето.

Управувањето со влијанието на поплавите, одредена количина на вода, во одредено време помине на одредени локации низ реките и акумулациите се чини дека ќе биде повеќе од предизвикувачки, ако се земе в предвид дека временските услови се менуваат. Бидејќи управувањето со вода е сложено, за да се постигнат овие резултати ќе треба да има интегрирана комбинација на активности низ целиот слив, со што се влијае и врз веројатноста за појава на поплави и не прави способни да се справиме со нив.

Никогаш нема да бидеме во можност да ги запреме поплавите целосно. Утврдувањето на долгорочна и одржлива иднина за Општина Пробиштип ќе бара внимателна проценка на можности и показатели во врска со инвестициите и како заедницата може да се прилагоди со тоа. Ќе треба да се работи, за да се разбере и да се усогласи прифатливото ниво на ризик и она што е разумен стандард за заштита на луѓето, имотот, земјоделието и животната средина.

## ОСВРТ

**Состојба на постојните објекти и инсталации во градското подрачје што абсорбираат атмосферски води**

Од вкупното население 16193 или 90 % се приклучени на канализациона мрежа.Со мрежа за одведување на комуналните отпадни води, покриени се градот Пробиштип, населените места Злетово, Пишица, Ратавица, Древено,Стрисовци, Плешенци и Стрмош а останатите 10 %од населението се лоцирани во 31 населено место, од кое само едно е релативно поголемо односно с.Добрево со 340 жители, а останатите се со мал број на жители. Бројот на домакинствата кои не се приклучени на канализациона мрежа, изнесува 850. Нема прецизен податок точно кои делови од градот не се приклучени на канализациона мрежа но може да се каже дека тоа се дека тоа се домакинства од приградските населби и периферните делови од градот. Во овие делови се користат септички јами или отпадните води се испуштаат површински. Мрежата за одведување и собирање на комуналните и собирање на комуналните и атмосвеските води не ги исполнува техничките услови и нормативи.Фекалната и атмосверската канализација се недоизградени, односно непостојат на целата територија на градот. Атмосверската канализација освен во централното градско подрачје, речиси и да не постои. Со системот управува Јавното комунално претпријатие Никола Карев.

Просторот кој ги опфаќа границите на градскиот градежен реон изнесува 232,03 һа од кои 85 һа се зони без изградена канализациона мрежа и домакинствата не се приклучени на истата. На територијата на Пробиштип има 5 изливни места на колекторите. Но има и други помали диви изливни места во оние делови од градот во кој не е изградена канализациона мрежа.

Директни реципиенти во кои се испуштаат отпадните води , без третман се реките Киселица и Маричанска река кои се влеваат во река Злетовица.

Канализацискиот систем во градот Пробиштип,стариот дел од градот е изведен како сепарационен т.е посебно се издвоени атмосферската од фекалната канализациона мрежа. Вкупната должина на изведената атмосферска канализациона мрежа изнесува 6460 метри.

Атмосферската канализациона мрежа е изведена од пластични и од бетонски цевоводи со различни профили и тоа од 350 – 1000 милиметри. Атмосферската вода од мрежата во градот Пробиштип се испушта во Киселичка река во еден испуст,

Изведбата на прифаќањето на атмосферските води во градот е претежно кај поважните сообраќајници и во централното градско подрачје.

Атмосферската канализациона мрежа е изведена на улиците:
“3-ти Април”; “Плавица”; “Доне Божинов”; “ Јордан Стојанов”; “Гоце Делчев”; “Нада Михајлова”; ”Јаким Стојковски”; ”Илинденска”;"Браќа Миладиновци";"Кочо Рацин";"М.А Ченто"

За прифаќање и одведување на атмосферската вода од плоштадот во градот изведени се цевки покриени со решетки и сливници.Кај останатите улици во градот воопшто не е изведена атмосферска канализациона мрежа. За нормално функционирање на атмосферската канализациона мрежа долж нејзината траса изведени се решетки и сливници кој се со јакосни карактеристики за да можат да го издржат сообраќајното оптоварување. За прифаќање на поголеми атмосферски води на седум места во градот изведени се бетонски каналчиња покриени со решетка попречно преку цела ширина на улиците. Состојбата на објектите кои ја прифаќаат атмосферската вода е доста добра. Тоа се должи на редовното превентивно одржување на истите за кое се грижи Општина Пробиштип во соработка со ЈКП Никола Карев од Пробиштип.И покрај соодветниот ангажман на Општина Пробиштип и ЈКП “Никола Карев” сепак одведувањето на атмосферските

води ни од далеку не е во таква мерка како што е потребно. Тоа е резултат пред се на големото сливно подрачје на градот Пробиштип, честите поројни и долготрајни врнежи а во пролетните месеци и наглото топење на снежната подлога. Најтешка е состојбата кога има брзо топење на снегот а во исто време и појава на поројни врнежи на дожд.

Градот Пробиштип се наоѓа на надморска висина од околу 630 метри и многу пати падежите и наслагите од снег се доста големи.Покрај овие причини најголем проблем е и непостоењето или
недоизграденоста на атмосферската канализациона мрежа кај поголемиот број улици и населби во градот Пробиштип.

Во сите други села во општината воопшто нема изведена атмосферска канализациона мрежа. Како резултат на тоа голем број на граѓани поради неможноста да се отстрани атмосферската вода од дворните површини околу индивидуалните па и од колективните стамбени објекти тоа го прават со
нејзино вклучување во фекалната канализациона мрежа.

Често пати луѓето за отстранување на водата од улиците пред нивните станбени објекти самостојно изведуваат сливници и ги поврзуваат на фекалната канализациона мрежа.

Фекалната канализациона мрежа не е димензионирана да ја прими и транспортира големата количина на атмосферска вода особено за време на поголеми дождови и нагло топење на снегот па доаѓа до изливање на помешаната фекална и атмосферска вода во самите дворни а и на уличните
површини.

За да се намалат опасностите од изливањето на фекалната канализациона мрежа кои не се посакувани како од еколошка така и здравствена гледна точка кај неколку шахти од истата се направени преливи во атмосферската канализација. Со тоа се намалува оптоварувањето на фекалната мрежа но во исто време доаѓа до испуштање на дел од фекалната вода и до загадување на водите во Киселичка река.

Постојат уште неколку отворени канали како што се : каналот од ул. “3 Април” до ул. "Плавица" (попречен спој помеѓу улиците),од улицата “Доне Божинов” до ул. "Јордан Стојанов", од ул. “Гоце Делчев ” до ул. "Јаким Стојковски",Патека –спој на ул. “Илинденска”со ул. "Гоце Делчев", од ул. "Доне Божинов"покрај градинка до ул."Јордан Стојанов"од ул.“Плавица”, патека спој со ул."Илинденска" до ул. "Јордан Стојанов" и на ул."Браќа Миладиновци".

Од отворените канали во градот Пробиштип водата се спроведува КиселичкаРека.

Согледувајќи ги сите наведени проблеми кои произлегуваат од несоодветното прифаќање или од неможноста на прифаќање на атмосферските води неопходно се наложуваат голем број на мерки кои преба да се направат за нивно анулирање.

Во овие мерки неопходно е изработка на студии и проекти за прифаќање и одведување на атмосферските води од градот Пробиштип и околните ридови.

Тука спаѓа и изведба на проекти за атмосферска канализациона мрежа за оние улици од градот Пробиштип но и од сите села каде што таа не е изведена, зошто истите проблеми кои се јавуваат од градот ќе се јават и во селата кај кои е изведена само фекална канализација.

Да се изготват проекти и изнајдат добри технички решенија за отворените канали.

**Општ приказ на проценката од загрозеност и управување со ризикот од Поплави**

Процената како документ има за цел да направи квалитативна и квантитативна анализа и сублимација на податоците за можните опасности и ризици, а врз основа на тоа да се организираат административни и стручни работи во врска со организација, подготовка и работа на субјектите од системот за управување со кризи.

Во процената треба комплексно и сеопфатно да се утврдат состојбите и проблемите во превенција и заштита на населението и материјалните добра.

Процената на загрозеноста на општина Пробиштип од сите ризици и опасности е документ врз основа на кои се превземаат понатамошни активности во правец на планирање, организирање и подготовка на потребните превентивни и оперативни мерки кои се спроведуваат во рамките на системот за управување со кризи. Проценката од загрозеност и управување со ризикот од поплави претставува поврзување на т.н статички или променливи елементи за подрачјето на општината со динамичкиот дел, односно променливите елементи кои се поврзани со присутните опасности и нивото на ранливоста и изложеноста.

Потребно е да се изврши профилирање на ризиците и опасностите на подрачјето на општината Пробиштип, идентификување на присутните и очекуваните опасности, нивна изложеност. Опис, анализа, проценка на веројатност за случувањата, интензитетот и последиците. При проценката од загрозеност и управување со ризикот од поплави на подрачјето на општина Ресен неопходно да се пристапи кон:

**Проценка на ризикот од поплави**

""Истражување, документирање и анализа на информации и документи за несреќите кои се случиле во минатото како и непогоди предизвикани од од поплави карактеристични за подрачјето на општина Ресен

""Определување/профилирање на потенцијалните извори на загрозување – опасности, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на подрачјето на општината Ресен од поплави

""Проценка на веројатноста за појава на поплави и нивно случување (време, место, интензитет), со научен медот со процес на обработка на верификувани информации во организирана и координирана меѓуресорска соработка со сите вклучени субјекти од системот за управување со кризи

""Визуелизација на резултатите/наодите од процената, на карти/мапи за опасностите од поплави, матрици на опасност и други форми за визуелизација, подржано со соодветна информатичка технологија, како Географски информациони системи ГИС и сл.

**Проценка на ранливост и изложеност на посебните елементи кон кои е насочен ризикот од поплави**

""Проценката на ранливоста и изложеноста опфаќа анализа и дефинирање на посебните карактеристики, специфики и околности на поединецот, заедницата, објектите и системите кои ги прават подложни на негативните влијанија на оштетувачките ефекти на опасноста од поплави

""Квалитативна и квантитативна анализа на создадените вредности,

идентификација на типологијата на објектите и нивниот број, на инфраструктурата и на критичните објекти кои се чуствителни на опасноста од поплави
""Квалитативна и квантитативна анализа на изложеното население на поплави (родова структура, старосни групи, групи со посебни потреби итн), со мапирање
""Проценка на влијанието (ранливост и изложеност) од поплави врз објекти и инфраструктура
""Проценка на влијанието (ранливост и изложеност) од поплави врз населението
""Проценка на влијанието (ранливост и изложеност) на институциите/субјектите на системот за управување со кризи (капацитет и способности) на опасноста од поплави
""Проценка на директните, индиректните и долгорочните физички и економски загуби по категории, на разгледуваните елементи на ризикот од поплави

2. **Визуелизација на резултатите /наодите од процената, на карти/мапи за опасностите, матрици на опасности и др.форми на визуелизација подржано со соодветна информатичка технологија, како Географско информациони системи ГИС и сл.**

**Процена на ранливост и изложеност на посебните елементи кон кои е насочен ризикот**

**Процена на ранливост и изложеност опфака анализа и дефинирање на посебните карактеристики, специфики и околности на поединецот, заедницата објектите и системите кои ги прават подложни на негативните влијанија на оштетувачките ефекти на опасност од поплави**

Позначајни објекти присутни на подрачјето на општината прикажани се подолу во тестот со сумарен и детален опис на застапените елементи на ризикот според номенклатурата на средствата и другите блага од Единствената методологија за процена на штети од елементарни непогоди во табела „Преглед на елементи на ризик“ од општиот дел од процената.

**Квалитативна и квантитативна анализа на создадените вредности, идентификација на типологијата на објектите и нивниот број, на инфраструктура и на критичните објекти кои се чуствителни на опасноста од поплави**

Главни подрачја кои се изложени на поплави се површините по течението на Злетовска река после Злетово, Калнишка река во и после Калниште, Киселичка река во пригра дската населба Пробиштип и Лезовска река пред вливот во Злетовска река.
Анализите на податоците од минатите години покажуваат дека најзагрозени објекти од поплавите на подрачјето на општината се следните:
-Пумпна станица за вода за пиење во с.Ратавица
-Три моста на Злетовска река во с.Ратавица, м.в.Глобица и с.Трипатанци
-Пропуст на Калнишка река

-Селска чешма на Калнишка река
--Неколку објекти и штали за чување на стока во с.Калниште
-Неколку куки на Киселичка река во приградската населба Пробиштип
-Мост на киселичка река кај с.Неокази

**Квалитативна и квантитативна анализа на изложеното население на опасноста од поплави (родова структура,старосни групи, групи со посебни потреби и.т.н) со мапирање**

Население изложено на поплави по староснa структура
-Старосна структура

| Нас.место | Вк.жители | 0-9 г | 10-19 г | 20-29 г | 30-59 г | над 60 години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бучиште | 68 | 5 | 4 | 7 | 26 | 36 |
| Гајранци | 36 | 0 | 1 | 0 | 3 | 32 |
| Г.Стубол | 99 | 7 | 7 | 8 | 29 | 48 |
| Г.Барбарево | 37 | 0 | 0 | 1 | 7 | 29 |
| Гризилевци | 22 | 0 | 0 | 0 | 7 | 15 |
| Гујновци | 33 | 0 | 6 | 0 | 9 | 18 |
| Добрево | 340 | 33 | 39 | 42 | 145 | 81 |
| Д.Стубол | 168 | 15 | 9 | 16 | 72 | 56 |
| Д.Барбарево | 11 | 0 | 0 | 1 | 2 | 8 |
| Дренак | 26 | 0 | 2 | 0 | 6 | 18 |
| Зарапинци | 12 | 0 | 0 | 0 | 3 | 9 |
| Г.Пробиштип | 8045 | 778 | 1293 | 1322 | 3756 | 896 |
| Пр.и Калниште | 2102 | 258 | 438 | 251 | 587 | 168 |
| Куково | 18 | 2 | 0 | 1 | 2 | 13 |
| Кундино | 81 | 4 | 5 | 3 | 26 | 43 |
| Лезово | 44 | 1 | 1 | 2 | 8 | 32 |
| Марчино | 26 | 1 | 1 | 1 | 8 | 15 |
| Неокази | 95 | 5 | 9 | 17 | 32 | 32 |
| Пестришино | 10 | 0 | 0 | 0 | 4 | 6 |
| Петршино | 60 | 2 | 0 | 2 | 12 | 44 |
| Пишица | 168 | 8 | 31 | 20 | 63 | 46 |
| Плешенци | 168 | 9 | 12 | 19 | 63 | 70 |
| Пуздерци | 34 | 0 | 0 | 4 | 11 | 19 |
| Стрисовци | 54 | 0 | 0 | 0 | 8 | 46 |
| Стрмош | 294 | 32 | 43 | 39 | 128 | 42 |
| Трооло | 45 | 0 | 0 | 1 | 11 | 33 |
| Злетово | 2477 | 290 | 352 | 360 | 1089 | 385 |
| Јамиште | 10 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 |
| Лесново | 41 | 0 | 2 | 3 | 10 | 26 |
| Ратавици | 277 | 32 | 40 | 39 | 114 | 52 |
| Трипатанци | 126 | 2 | 18 | 5 | 43 | 58 |
| Т.Рудари | 185 | 26 | 21 | 31 | 74 | 33 |

Лица со посебни потреби регистрирани во центарот за социјални работи се тринаесет лица.

**Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од поплави врз објекти и инфраструктура**

Според извршените анализи и степенот на можните изложени загрозувања на стопанската инфраструктура кои се чуствителни на опасноста поплави на подрачјето на општината се проценува дека можат да бидат ранливи и тоа,

Доминантна стопанска дејност на подрачјето на општината се Рударството, Акумулаторската индустрија, Конфекеционерството, Земјоделието, Сточарството, Трговијата, Угостителство, Занаетчиство и други услужни дејности.

Во Пробиштип постојат 970 деловни субјекти и тоа:

-Претпријатија 226
-Трговски друштва 207
-Трговци поединци 222
-Останато 175
-Земјоделство лов и шумарство 36
-Вадење на руди 1
-Преработувачка индустрија 83
-Градежништво 15
-Снабдување со електрична енергија и вода за пиење 3

Општината Пробиштип се вбројува во средно развиени стопански подрачја во Република Македонија.

**Оштетување на објекти од поплави, по конструктивни типови, степен на оштетување и број**

Со анализата, истражувањето на информациите и документите за случени несреки и катастрофи во минатото може да се заклучи дека поплавите во минатото предизвикале поплавување на подрумски простории, штали нема податоци дека поплавите предизвикале оштетување на други објекти.Има оштетување на круната на вештачката акумулација Пишица и на на јаловиштето на рудниците „Злетово“ на два пати.

**Оштетување на инфраструктура од поплави,по различни категории на инфраструктура и степен на оштетување**

Анализата на информациите и документите за случените во минатото несреки и катастрофи покажува дека поплавите во минатото предизвикале рушење на мост на Злетовска река и м.в.Глобица неколку пати,оштетување на мост во с.Трипатанци, оштетување на фекална канализација во нас.Пробиштипи од подземните води има оштетување на јамските простории во рудникот „Злетово“,а индеректни оштетувања преку појава на лизгање на земјиште од обилни врнежи од дожд има на улица во нас.Калниште , нас.Пробиштип, Пат за с.Бунеш, Јкамиште, Шталковица и др.

**Критични облекти по категории, степен на оштетување и број**

Како критичен објект на оштетување се смета Пишичка брана која е земјено насипна и служи за наводнување и риболов.

**Останати објекти и инфраструктура потипологија, степен на оштетување, број и други релевантни карактеристики**

Врз основа на анализата на податоците за поплавите како посебен објект може да се издвои рудникот „Злетово"кој се поплавува од подземните води.

**Процена на влијанието (ранливост и изложеност врз населението)**

Анализата и процената на влијанието на поплавите врз населението покажа дека изложеноста и ранливоста на анселението била мала и непредизвикала поголеми нарушувања на животот и здравјето т.е. не предизвикала смртност и повреди.

**Процена на влијанието (ранливост и изложеност) на институциите/субјектите на СУК (капацитет и способност) од поплави**

При појава на поплавите особено од Злетовска река каде е најизразена опасноста од поплави по интензитет, зачестеност, причинени штети, ангажирани ресурси за справување со нив во досега настанатите поплави СУК функционирал т.е. се реализирале потребните процедури, мерки и активности. При слични појави на изложеност и ранливост на опасноста од поплави СУК соодветно ке реагира.

**Процена на директните, индиректните и долгорочните физички и економски загуби по категории на разгледуваните елементи на ризикот од поплаве**

Анализата на податоците за поплавите покажува дека тие ги предизвикуваат следните штети:

**Директни штети**

-На објекти ( поплавување на подруми, штали)
-На инфраструктура (мостови,патишта, водоводно-канализасиони системи)
-Земјоделско земјиште

**Индиректни штети**

-Земјоделско земјиште (оштетување на земјиштето)

**Долгорочни штети**

-Намалување на плодноста на земјиштетето

**Збирна оцена и економски биланс на потенцијалниот ризик од поплави со процена на неговото влијание врз економијата на подрачјето на општината**

Од обилните и поројните дождови од 25 и 26 февруари 2013 година на подрачјето на општината дојде до поплавување на неколку куки,помошни простории и земјоделско земјиште.
Општинската комисија за процена на штети од елементарни непогоди излезе на лице место и утврди материјална штета од поплавите во износ од 10.427.500,00 денари што споредено со општинскиот буџет за 2013 година кој изнесува 295.400.000,00 денари материјалната штета изразена во проценти би била 3,53 %.

**Процена на други елементи на ризик**

Со обилните врнежи од дожд во месец Април 2014 година и појавата на зголемените подземни води во рудникот „Злетово" дојде до прекин на производството во рудникот кое траеше еден месец при што се направени големи материјални и финансиски штети.

ОПШТ ДЕЛ

**Територија на општина Пробиштип**

Територијата на општина Пробиштип има површина која изнесува 329,5 $km^2$ и број на жители 16.193 со 37 населени места. Географски општина Пробиштип на исток се граничи со општина Кочани, на запад се граничи со општина Свети Николе, на север се граничи со општина Кратово а на југ се граничи со општина Штип.




**Геостратегиски карактеристики и положба**

Општина Пробиштип го завзема средниот и долниот дел од сливот на Злетовска река. Општината има поволна положба во однос на природните комуникации, бидејќи лежи помеѓу две многу важни сообраќајни артерии. Брегалничката која ја поврзува општината со Кочани-Делчево-Р.Бугарија, Штип-Велес-Скопје како и Криворечката од која еден крак поминува преку Кратово-Куманово-Скопје, а вториот крак преку Кратово-Крива Паланка-Р.Бугарија.

**Географски карактеристики**

**Географска положба и големина**

Подрачјето на општината Пробиштип е сместено во североисточниот дел на РМ протегајќи се околу 42 степен северна географска ширина и 22 степен источна географска должина, претежно околу средниот и долниот тек на Злетовска река со

притоките од исток Јамишка река, Зеленоградска река, Ештерец и Рударска река и од запад Коритница, Маричанска-Калнишка река, Киселица, Белошница и Лесновска река и неколку помали водотеци од обете страни. Општината зафаќа ограноци од осоговскиот планински масив од исток и север. Подрачјето на општината се граничи со општините: Кочани и Облешево-Чишиново од Исток, Кратово на Север, Св.Николе на Запад и Штип, и Карбинци на Југ зафаќајки вкупна површина од 329.5 $km^2$ на која живеат 16,193 жители.

**Релјефни карактеристики**

Подрачјето го карактеризира ридско планинска релефна конфигурација и можат да се издвојат три карактеристични релефни целини и тоа:

-Повисока планинска релјефна целина која го зафаќа источниот и североисточниот дел од подрачјето во висина од 1300 до 1670 метри н.в.

-Пониска планинска релјефна целина ограноци од осоговскиот планински масив кој го опфаќат северниот и северозападниот дел од подрачјето со висина од 700-1300 мнм.

-Централно ридеста релјефна целина која се протега во централниот, јужниот и југозападниот дел од подрачјето исполнето со повеќе куполести ридови со надморска височина од 500-700 m разделени со повеќе водотеци и зарамнети површини кои се користат како обработлива површина. Во целина подрачјето има ридско планински релјефни карактеристики.

**Пошуменост и друга вегетациска покриеност**

-Шумите зафаќаат околу 20% од вкупната површина од подрачјето на општината или 66 $km^2$, територијата е покриена со шума од кои најзастапени се дабот, буката, борот како и деградирани шуми од овие и други видови на шуми. Истите се распространети на источниот, северниот и северозападниот дел на подрачјето. Од вкупниот фонд на шуми 45 $km^2$ се во државна сопственост а 21 $km^2$ се во индивидуална сопственост.

**Основни карактеристики на земјиштето**

На север на подрачјето преовладуваат средно високи и ниски ограноци на Осоговскиот планински масив кои се составени од повеќе видови на карпи и претежно богати со руди, површинскиот слој на земјата е обраснат со шуми а голините со трева. Обработливите површини се многу мали и со слаб квалитет.

Во централниот и југоисточникот дел од подрачјето се протегаат повеќе зарамнети површини со подебел земјен слој кои се користат како обработливи земјоделски површини и се со среден квалитет. Околу долниот тек на Злетовска река се протегаат помали земјоделски површини со повисок квалитет. Вкупната обработлива површина во општината е околу 12.000ha, 13.000ha се под пасишта, 6.600ha под шуми и 1.600ha неплодно необработливо земјиште.

Во општината околу 8.500ha се под ораници и бавчи, под лозја се 300ha а под овоштарници 100ha.

**Климатски услови**

Подрачјето на општината се простира во јужниот дел на северниот умерен појас каде се мешаат влијанијата на медитеранската клима и под влијание на осоговскиот масив планинаската клима. Ова пак придонесува на подрачјето да се сретнуваат елементи на умерено континетална, изменето средоземна и планинска клима.

Годишните времиња ги имаат следните карактеристики:

-Пролетта е умерено топла и несекогаш многу врнежлива;

-Летото е топло и релативно суво;

-Есента е умерено топла и средно врнежлива и

-Зимата е умерено студена со краткотрајни периоди на изразито ниски температури, додека снежните врнежи не се многу чести и изобилни а кога ќе паднат не се задржуваат подолго.

**Хидрографска мрежа, вид и количина на атмосферски и други води**

Подрачјето го карактеризира многу сиромашна и оскудна хидрографска мрежа и издашност. Единствена река со постојана издашност е Злетовска река со своите притоки: Јамишка река, Зеленоградска река, Ештерец, додека останатите реки и водотеци се поројници и се со непостојана издашност, а често и пресушуваат особено во летниот период. Од хидроакумулациски објекти има изградено една брана „Кнежево“ од висок третман таа е камено насипна со асвалтно јадро и со волумен на акумулацијата од 22,5 милиони метри кубни, изградена е на Злетовска река кај с.Кнежево а во неа се вливаат Кучешка и Емиричка река. Браната се градеше од 2007 до 2010 година кога е пуштена во употреба.

На подрачјето има изградено и една ниско земјена акумулација т.н. „Пишича брана“ изградена во 1961/62 година на Пишичка река со максимален капацитет од 700.000 $m^3$ вода и се наоѓа јужно од Пробиштип во непосредна близина на с.Пишица. Во моментот се уште се врши реконструкција на истата и се очекува наскоро да е готова.

Покрај овие хидроакмулации на подрачјето има изградено депонија за акумулирање на флотацискота јаловина од рудниците за олово и цинк АД „Злетово“ – Пробиштип.

Депонијата е лоцирана јужно од Пробиштип и е со максимален капацитет од 6 280 000 $m^3$ и има третман на висока брана. Подрачјето не располага со природни хидроакумулации.

**Население**

**Број на населени места: 37 (едно градско, две приградски,една полуградска и 33 рурални–селски населби)**

*Податоци за општина Пробиштип*
*(домакинства и станови,попис 2002 год.)*

| Населено место | Вкупно жители | Домакинства | Станови |
|---|---|---|---|
| Бучиште | 68 | 26 | 34 |
| Гајранци | 36 | 19 | 56 |
| Горни Стубол | 99 | 44 | 54 |
| Горно Барбарево | 37 | 21 | 37 |
| Гризилевци | 22 | 13 | 35 |
| Гујновци | 33 | 15 | 27 |
| Добрево | 340 | 100 | 175 |
| Долни Стубол | 168 | 66 | 102 |
| Долно Барбарево | 11 | 6 | 22 |
| Дренак | 26 | 13 | 37 |
| Зарапинци | 12 | 7 | 12 |
| Град Пробиштип | 8045 | 5304 | 7337 |
| Населба Калниште | 2102 | 623 | 1052 |
| Куково | 18 | 10 | 28 |
| Кундино | 81 | 35 | 66 |
| Лезово | 44 | 24 | 53 |
| Марчино | 26 | 15 | 37 |
| Неокази | 95 | 36 | 60 |
| Пестришино | 10 | 5 | 19 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Петршино | 60 | 34 | 101 |
| Пишица | 168 | 57 | 88 |
| Плешенци | 168 | 68 | 112 |
| Пуздерци | 34 | 17 | 31 |
| Стрисовци | 54 | 30 | 64 |
| Стрмош | 294 | 93 | 102 |
| Трооло | 45 | 21 | 29 |
| Злетово | 2477 | 733 | 969 |
| Јамиште | 10 | 5 | 76 |
| Лесново | 41 | 25 | 78 |
| Ратавица | 277 | 80 | 133 |
| Трипатанци | 126 | 53 | 70 |
| Турско Рудари | 185 | 54 | 95 |
| Шталковица | 44 | 16 | 41 |

## ХИДРОЛОГИЈА И ХИДРОЛОШКИ АНАЛИЗИ

Подрачјето го карактеризира многу сиромашна и оскудна хидрографска мрежа и издашност. Единствена река со постојана издашност е Злетовска река со своите притоки Јамишка река, Зеленоградска река, Ештерец додека останатите
реки и водотеци се поројници и се со непостојана издашност а често и пресушуваат особено во летниот период
Од хидроакумулациски објекти има изградено една брана„Кнежево„ од висок третман таа е камено насипна со асвалтно јадро и со волумен на акумулацијата од 22,5 милиони метри кубни, изградена е на Злетовска река кај с.Кнежево а во неа се вливаат Кучешка и Емиричка река. Браната е изградена во 2010 година.
На подрачјето има изградено и една ниско земјена акумулација т.н. „Пишича брана„ изградена во 1961/62 година на Пишичка река со максимален капацитет од 700.000 m3 вода и се наога јужно од Пробиштип во непосредна близина на с.Пишица.
Покрај овие хидроакумулации на подрачјето има изградено депонија за акумулирање на флотациската јаловина од рудниците за олово и цинк АД Индоминерали и метали„-Пробиштип.
Депонијата е лоцирана јужно од Пробиштип и е со максимален капаците од 6.280.000 m3 и има третман на висока брана. Подрачјето не располага со природни хидроакумула-
ции.

**Хидрографски и хидролошки карактеристики**

Акумулациониот простор и придружните објекти на ХС Злетовица се лоцирани во сливот на Злетовска Река, сливот на река Брегалница, како и во Овчеполскиот басен.
Хидрографската мрежа е мошне развиена.
Злетовска Река се образува од јужната страна на Осоговските Планини во месноста Бабина Чешма, односно Маркова Ступка. Од хидрографско-хидролошки аспект, Злетовска Река се образува од двата изворишни водотека, односно Модра Река и Горна Река.

Просечниот пад на Модра Река изнесува 11%. Низводно, во регионот на с. Кнежево се приклучуваат Плочка Река, Мала Кајганица, како и неколку други помали притоки.

Спротиводно од преградното место, реката има типично планински карактеристики со релативно тесно корито кое не преминува широчина од 5 метри.

Низводно од спојот со Горна река, долината и коритото на спојот се проширува, додека поголемо проширување настанува по влевањето на Плочка Река. Најизразено е

проширувањето на долината спротиводно од преградното место, кај училиштето во с. Кнежево. Акумулацијата добива вода и од Кучешка Река, која извира во најсеверниот дел од сливот на Злетовска Река под врвот Костадиница на 1.480 м.н.в. таа е типична планинска река со просечен пад од 8,1%.

Во пролет акумулацијата ќе има ниво на висок водостој поради обилните дождови и топењето на снегот (полна акумулација). Ниво на низок водостој е планирано за месеците Август, Септември и Октомври (празна акумулација).

Сливот на река Злетовска се наоѓа во североисточниот дел од Републиката и зафаќа површина од 460 km2. Злетовска река е десна притока на река Брегалница, извира од западните делови на падините на планина Осогово на кота 1.165 м.н.в, а се влева помеѓу градовите Штип и Кочани. Климатските влијанија и педолошкиот состав условуваат за бујна вегетација, особено на изворниот дел на реката. Должината на река Злетовска изнесува 56 km, мерена по водотекот од вливот во река Брегалница. По должината на реката од вливот се издвојуваат притоки меѓу кои поглавни се следниве: Плочка, Кучевишка, Емиричка, Мушковска, Зеленградска, Кожарска, Ештеричка, Шталковска, Киселичка, Добревска и Белошица. За проектираната област разгледувани се следниве мерни места и прикажани во табела 1.

**Табела 1. Хидролошки карактеристики на река Злетовска-брана Кнежево и други притоки**

| Мерно место | Висина (м.н.в) | Сливна површина (km²) | Просечен протек (l/s) | Просечен специфичен протек (l/s/km2) |
|---|---|---|---|---|
| 1. Злетово на р. Злетовска | 490 | 172 | 2.026 | 11,8 |
| 2. Кнежево на р. Злетовска | 990 | 54,6 | 997 | 17,6 |
| 3. Дренак на р. Модра | 1.185 | 16,1 | 510 | 31,7 |
| 4. Зафат за Кратово на р. Злетовска | 1090 | 41 | 881 | 21,5 |
| 5. Којково на р. Злетовска | 820 | 75,6 | 1.311 | 17,3 |
| 6. Емирица - р. Злетовска | 810 | 108 | 1.806 | 16,7 |
| 7. Зафат за | 775 | 109,2 | 1.500 | 13,7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пробиштип на р. Злетовска | | | | |
| 8. Влив на Емирица на р. Злетовска | 810 | 32,4 | 495 | 15,3 |
| 9. Ештерец на р. Злетовска | 530 | 26,4 | 64 | 2,4 |
| 10. Зеленградска | 578 | 16,4 | 40 | 2,4 |

Сливот наСливот на река Злетовска со нејзините притоки е прикажан на слика 3. Исто така прикажани се и мерните станици лоцирани на река Злетовска (1-5), додека останатите мерни места (6-13) се однесуваат на притоките на реката Злетовска.

**Слика 3. Слив на Злетовска река – општина Пробиштип**




Во продолжение дадени се неколку карактеристични средномесечни и средногодишни протекувања и статистичките карактеристики на нивните низи, табеларно и графички за неколку разгледувани профили за период од 1951 и 2010 година, согласно добиените резултати од хидролошкиот модел.

Водомерна станица Злетово на река Злетовска, за период од 1951-2010, со сливна површина од 172 km2 од сливот на р. Злетовска

Табела 2. Хидролошки податоци, река Злетовска, В.Ст Злетово

| Месец | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Qср |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Qср.м | 1,98 | 2,47 | 3,30 | 4,30 | 3,34 | 2,05 | 1,18 | 0,68 | 0,65 | 1,02 | 1,45 | 1,90 | 2,03 |




График 1. Средно месечни протеци на р. Злетовска/ В.Ст Злетово (172 km2)




График 2. Средно месечни протеци на р. Злетовска/ В.Ст Злетово (172 km2)

Мерно место Кнежево на река Злетовска, за период од 1951-2010, со сливна површина од 54,5 km2 од сливот на р. Злетовска

Табела 3. Хидролошки податоци, м.м. Кнежево, река Злетовска

| Месец | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Qср |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Qср.м | 0,82 | 0,91 | 1,51 | 2,49 | 2,05 | 1,05 | 0,52 | 0,28 | 0,26 | 0,46 | 0,66 | 0,94 | 1,00 |




График 3. Средно месечни протеци на р. Злетовска/ м.м Кнежево (54,6 km2)




График 4. Средно месечни протеци на р. Злетовска/ м.м Кнежево (54,6 km2)

Зафат за Пробиштип, мерно место на р. Злетовска, за период од 1951-2010, со сливна површина од 109,2 км2 од сливот на р. Злетовска

Табела 4. Хидролошки податоци, м.м зафат за Пробиштип, река Злетовска

| Месец | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Qср |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Qср.м | 1,64 | 1,98 | 2,95 | 4,09 | 3,35 | 1,81 | 1,00 | 0,55 | 0,53 | 0,87 | 1,38 | 1,67 | 1,82 |




График 5. Средно месечни протеци на р. Злетовска/ м.м Зафат на Пробиштип (109,2 km2)




График 6. Средно месечни протеци на р. Злетовска/ м.м Зафат на Пробиштип (109,2 km2)

Други карактеристичен профил во басенот на Злетовска Река
- Профилот **Кучешка Река** се карактеризира со:
Надморска височина 1.074 м.н.в.
Сливна површина 6,6 km2
Средногодишен природен протек (1948-1990) 0,121 m3/s
Средногодишен зафатен протек (1948-1990) 0,112

**Климатски карактеристики**

Низводно од село Злетово климата е континентална и умерено континентална, а возводно од него е планинска. Континенталната клима условува студени зими, скромни со врнежи, како и суви и топли лета. Планинската клима се одликува со зими богати со снег и со ниски температури, додека летата се куси и свежи. Средната релативна влажност изнесува 70-75%. Месец Јули е со најниска влажност (45- 65%), додека Јануари се карактеризира со најголема влажност (80-85%). Во вегетацискиот период релативната влажност се движи од 65-70%.

Средната годишна количина на врнежи се движи помеѓу 1.000 и 1.500 mm. Средните
количини по месеци се дадени во табелата што следи.

Табела 5: Средно месечни количини на врнежи во околина на с. Злетово

| **Месец** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (mm) | 60-100 | 60-90 | 40-60 | 60-80 | 80-100 | 80-120 | 50-70 | 50-70 | 40-50 | 120-150 | 200-250 | 200-250 |

Во период од Октомври до Март средната количина на врнежи изнесува од 700 до 850 mm, додека во периодот од Април до Септември истата се движи од 400 до 500 mm. Среден број на денови со врнежи над 20 mm изнесува од 12 до 17 дена, а над 10 mm, 35 до 40 дена. Средно годишен број на денови со снежна покривка над 50 cm изнесува 5 до 7 дена, над 30 cm 10 до 100 дена, над 10 cm 10 до 150 дена и над 1 cm 60 до 180 дена. Средната максимална висина на снежен покривач се движи помеѓу 40 и 150 cm. Средно годишен број на денови со магла изнесува 7 дена, а средно годишниот број на сончеви денови од 100 до 120 дена. Средно траење на осветлувањето е 2.200 до 2.400 часови/годишно. Средногодишната амплитуда на температурата достигнува 19 до 20 0C, додека средногодишната температура на воздухот се движи помеѓу 4 и 11 0C. Средната температура на воздухот за вегетацискиот период Април-Септември изнесува 8 до 16 0C. Најниска средна температура се регистрира во јануари (од 0 до -3 0C) и во Декември (од 2 до -4 0C), додека најтопли месеци се Јули и Август со температури од 14 до 22 0C. Регистрираната апсолутно максимална температура изнесува 38,6 0C, а апсолутна минимална -21 0C.

Најинтензивен ветер е североисточниот кој во октомври е присутен со застапеност од 70%, а по него следи југозападниот со 28% и во Јануари и 24% во Април. Тишината е скоро константна во сите периоди и е со застапеност од 1%.

Вредностите за Годишните Максимални Дневни Врнежи (ГМДВ) се сортирани од најниските до највисоките. Потоа е пресметана веројатноста на не-надминување за секој максимален врнеж. Гумбеловата распределба се совпаѓа со примерот од Крива Паланка. Врнежите од 1970 година, кои изнесуваат 97 mm/ден, се одстранети од анализата бидејќи се многу повисоки од останатите набљудувани

врнежи и се сметани како несоодветна вредност (надвор од дозволените граници).
На следниот график се прикажани усвоените карактеристики:
Од гумбеловата распределба едвај се забележува максималната дневна количина на врнежи, набљудувани во Крива Паланка. Во секој случај, како што е прикажано погоре, несоодветната вредност од околу 97 mm/ден е одстранета од иницијалниот примерок. Овој несоодветен резултат за врнежите има повратен период од околу 100 години. Врнежите кои ретко се појавуваат се пресметани со користење на формулата Pdmx = 35,5 + 11,2 u(Gumbel). Каде u(Gumbel) е –ln(-ln(F)) и F е фреквентност на ретките појави (врнежи).

Реалната вредност на врнежите може да се земе како 1,14 x Pdmxпресметано со ц ел д а с е компензира фактот дека 24-часовните врнежи може да се случат во два различни дена и дека измерените податоци може да поделат едни врнежи на две мерења од различни хидролошки денови.
Во следната табела се прикажани резултатите од пресметката на појава на ретки поплавни
бранови.

Табела 6. Резултати од пресметка на појава на ретки поплавни бранови

| T (год) | F (1/год) | u(Gumbel) | Пресметан P(24h) | Реално P(24h) |
|---|---|---|---|---|
| 2 | 0.5 | 0.367 | 40 | 45 |
| 5 | 0.8 | 1.500 | 52 | 60 |
| 10 | 0.9 | 2.250 | 61 | 69 |
| 20 | 0.95 | 2.970 | 69 | 79 |
| 25 | 0.96 | 3.199 | 71 | 81 |
| 50 | 0.98 | 3.902 | 79 | 90 |
| 100 | 0.99 | 4.600 | 87 | 99 |
| 200 | 0.995 | 5.296 | 95 | 108 |
| 500 | 0.998 | 6.214 | 105 | 120 |
| 1000 | 0.999 | 6.907 | 113 | 129 |
| 2000 | 0.9995 | 7.601 | 121 | 138 |
| 5000 | 0.9998 | 8.517 | 131 | 150 |
| 10000 | 0.9999 | 9.210 | 139 | 158 |

За повратен период од 10.000 години на појава на ретки дождови, вредноста на врнежите
е заокружена на 160 mm.

**Брана Кнежево**

Централен објект на Фаза 1 - водоснабдување од ХС Злетовица е каменонасипната брана Кнежево со асфалтно јадро која е прва од ваков тип на просторот на Р. Македонија. Камено- насипната брана Кнежево е висока 75 m и со неа се регулира и употребува годишниот воден потенцијал на реката Злетовица од околу 60.000.000 m3 вода. Браната се наоѓа на надморска височина од 1.000 м.н.в. Со изградба на браната се формира акумулација со капацитет од 23.500.000 m3. Водата од оваа акумулација пред се ќе се користи за обезбедување на вода за пиење на над 100.000 жители, потоа за наводнување на околу 3.500 ha земјоделска површина во атарот на општината Пробиштип, како и за производство на електрична енергија.



Табела 9. Количина на вода во акумулацијата Кнежево за 2020 година

| мерна единица | КОЛИЧИНА НА ВОДА ВО АКУМУЛАЦИЈАТА НА БРАНА КНЕЖЕВО 2020 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јан. | фев. | март | април | мај | јуни | јули | август | сеп. | окт. | ное. | дек. |
| милион m3 | 14,3 | 14,0 | 15,2 | 18,1 | 20,3 | 20,1 | 19,4 | 18,1 | 16,9 | 15,5 | 15,6 | 15,5 |
| % | 60,85 | 59,57 | 64,68 | 77,02 | 86,38 | 85,53 | 82,55 | 77,02 | 71,91 | 65,96 | 66,34 | 65,79 |

**Мерки за ублажување на поплавен бран**

Со изградба на браната Кнежево, акумулациониот простор ќе биде поплавен до максимална кота на вода од 1.063,50 м.н.в. Акумулацијата при нормално ниво ќе има должина од 2.750 метри, максимална длабочина од 71 m и ќе зафаќа површина од 77 ha. Согласно овие параметри, акумулацијата се вбројува во т.н. средно-длабоки акумулации. Косините на бреговите од акумулацијата не се многу стрмни, но се променливи. Левиот брег во близина на браната е пострмен во однос на другите страни. Бреговите на акумулацијата се покриени со трева и букова шума. Како што може да се види од слика 8, пред самата експлоатација на браната е пристапено кон чистење на акумулациониот простор од трева, дрва, пањеви и друго со цел расчистување од органски материи.

Како пред самото полнење на акумулацијата, така и во текот на експлоатацијата, се врши секојдневна проверка на потенцијалните свлечишта и доколку има потреба соодветно се поправаат, односно се врши заштита од лизгање на земјиштето, што како по карактеристичен пример се истакна заштитната косина над преливната шахта.

Во текот на експлоатацијата, при достигање на максималната кота на акумулацијата, се врши прелив низ шахтниот преливник, при што доаѓа до делумно заполнување со дрвна маса на самиот преливен орган и како резултат на тоа се превземаат соодветни мерки за нивно расчистување како би се ослободил просторот за непречено навлегување на водата.

Пристапниот пат до брана Кнежево е важен сегмент од аспект на поврзување на браната Кнежево и населените места со градот Пробиштип. Исто така, зафатите за водоснабдување на Пробиштип и Свети Николе во овој момент, е многу важно да се во непрекината врска поради човечкиот фактор. Во текот на обилни врнежи, доаѓа до делумни пореметувања на нормалното одвивање на сообраќајот како заполнување на пропусти, одрони на карпеста маса, растителен отпад и друго, при што редовно се превземаат соодветни мерки за нивно отстранување.

Зафатот е ограден со метална поцинкована мрежа со висина од 1,8 m и заградена површина од околу 500 m2. Влезот е забранет за посетители, постои капија со катанец и видео надзор (6 камери). Се одржува континуиран надзор од вработените со редовно одржување (чистење на дрва, нанос, смет, лешини итн.). При обилни дождови, доаѓа до заматување на водата до степен при што краткотрајно се прекинува редовната испорака на сирова вода, а за коешто време се чисти решетката од заполнети лисја и евентуален нанос. Поради лошата конфигурација на теренот, оневозможено е багерирање на донесениот нанос во самата река при што се пристапува кон вештачка изградба на лагуни за задржување на нанос, басени со растенија или доколку е потребно бали со слама се со
цел за олеснување на процесот на испорака на квалитетна сирова вода во филтер станицата во Пробиштип.

Зафат 3 е оддалечен 3 km од Злетово. Зафатот на р. Злетовица е страничен зафат со бочно зафаќање - решетки, канал, разделна шахта и 2 таложници. Зафатот е ограден со метална поцинкувана мрежа со висина од 1,8 m и заградена површина од 3.000 m2. Влезот е забранет за посетители, постои капија со катанец, видео надзор и чуварска служба која истовремено и го оддржува објектот. При обилни дождови, тињата на местото на зафатот се чисти на околу една недела, а по потреба и почесто, но за да не се заматува реката над дозволените гранични вредности се врши редовно багерирање и отстранување на наносот со што се олеснува понатамошниот третман на суровата вода која се дистрибуира до пречистителните станици.

## МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОПЛАВИ

Од аспект на планирање и подготвување на активностите за спроведување на мерката заштита и одбрана од поплави, ЈП ХС Злетовица во рамките на своите надлежности ги уредува согласно активностите:

- на водозафатните места во работните денови секојдневно има организирани дежурства од работници кои што ги одржуваат во оптимална состојба, а по потреба такви дежурства се организираат и во неработни денови
- одржување на водозафатите во добра состојба
- редовно чистење на таложниците од нанос, особени во периоди на интензивни врнежи кога би можело да дојде и до покачување на турбидитетот на површинската вода при што доколку се наложи се запира испораката на вода во соработка и претходен договор со комуналните претпријатија и се пристапува кон
- прочистување на целиот водоснабдителен систем преку дренирање на доводните цевководи и испирање на базените

- техничките служби на ХС Злетовица организираат и чистење на акумулацијата од отпадна биомаса (дрва, поголеми гранки) со што се намалува ризикот од органско оптоварување на водата во истата, како и чистење на речните корита при што директно позитивно се влијае врз квалитетот на водата
- регулирање на водотеците
- изградба на заштитни објекти
- одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти
- редовно набљудување и извидување на состојбите на водотеците и браната Кнежево
- изработка на документи за последиците од евентуално рушење на браната и мерки за превентивно делување за заштита и спасување од поплави (Студија за последиците од поплавниот бран настанат со евентално рушење на браната Кнежево со сигнализација на опасноста во долината низводно (Градежен факултет – Скопје, Катедра за хидраулика, хидрологија и уредување на водотеци, Септември/1995 година), Ревизија на Студија за последиците од поплавниот бран настанат со евентално рушење на браната Кнежево со сигнализација на опасноста во долината низводно (УКИМ Св. Кирил и Методиј, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје, Август/2010 година). За последиците од евентуално рушење на браната, подетално е опишано во планот подолу во документот
- обезбедување на материјални ресурси за потребите за заштита и спасување од поплави
- проверка, тековно одржување и сервисирање на обезбедените материјални ресурси
- едукација, обука, тренинг и вежби на силите за заштита и спасување
- персонално пополнување на силите за заштита и спасување кои ќе учествуваат во мерките
- склучување на потребни договори за извршување на одредени задачи и активности,
- се определуваат местата и бреговите на водотекот, акумулацијата каде што најчесто се јавуваат излевања на водата и за тие места се предвидуваат најпотребни хидротехнички и други заштитни работи и мерки за брзо спречување на излевањето
- по делници, односно сектори на загрозеното подрачје, се определуваат места каде ќе се депонира потребниот заштитен материјал
- редовна проверка, контрола и чистење на мостовите и пропустите вдолж пристапниот пат до брана Кнежево од отпад, наносен материјал и остатоци
- редовна проверка и чистење на речното корито од дрвна маса
- за да се спречат поголеми штети во низ водните делови на предметното подрачје, се определуваат простори за привремено задржување на излеаните води во низ водните делници и за тие простори се преземаат потребните активности
- се обезбедуваат врски меѓу делниците во загрозеното подрачје и врски со силите за заштита и спасување
- се преземаат активности и мерки на објектите во и покрај коритата и бреговите на водотекот (мостови, подолжни и попречни насипи на патиштата, свлечишта итн.), кои со своето постоење го попречуваат течењето на големите води
- ставање во функција на метеоролошката станица инсталирана на брана Кнежево – метеоролошката станица е инсталирана на преградното место на брана Кнежево и со параметрите кои е во можност да ги регистрира: надворешна температура,

атмосферски притисок, влажност на воздухот, врнежите, ветровитост, евапорација и радијација значително би придонело за континуиран мониторинг на временските услови
- координација со општинските сили за заштита и спасување за учество при спроведување на мерката заштита и спасување, доколку е потребно, за евакуација на луѓе и материјални добра од загрозеното подрачје
- за време на опасност од рушење на браната се врши навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје
- се определуваат водостопанските, електростопанските, комуналните, хидрометеоролошките и други објекти и постројки што можат да послужат во заштита и спасување од поплави и се прецизира нивната улога и функција, се означуваат нивните локации и правните субјекти кои управуваат со нив
- Акумулација Кнежево - доколку во наредниот период се утврди голем интервал на промени на водното ниво или редовно празнење, се препорачува да се изврши аеро-фотографирање при различни нивоа на водата, по што со мерење на површината на акумулацијата за секое ниво може да се генерираат зависностите на површините и на волумените на акумулацијата во функција на длабочината на водата
- се преземаат и други активности и мерки за поуспешна заштита од поплави

**3.6.3.Управување со ревитализација по елиминирањето на кризата од поплавата**

Санирањето на последиците и ревитализација на подрачјето кое е поплавено е процес кој опфака повеке активности кои во прв момент ке ги отстранат директните опасности од продирање на вода и понатамошно поплавување, а во понатамошните фази ке обезбедат целосно отсранување на последиците од поплавите. Целосна ревитализација опфака поправка на поплавените објекти и нивно доведување во состојба на употребливост согласно навната намена, а ревитализација на поплавените земјоделски површини е подолготраен процес.

Определување на ниво на ризик и степен на загрозеност од опасноста од поплави

Од извршените Анализи и изборот на индикаторите на досега случените поплави и превземените мерки на субјектите од СУК, опасноста од поплавите на подрачјето на општината е од втор степен на загрозеност што означува на низок ризик т.е. редовна состојба.

**Процена на другите опасности (земјотреси, интензивни снежни врнежи и наноси, лизгање на терен, поголеми одрони, несреки од атмосферки празнења (громови), градобијност и др.**

**Други опасности на кои подрачјето на општината било изложено во минатото**

Тоа се: земјотреси, интензивни снежни врнежи и наноси, лизгање на терен и одрони, електрични празнења, градобијност и др.Овие опасности не предизвикале голема смртност и повреди кај населението и големи материјални штети врз објектите, но предизвикале поголеми штети врз земјоделските површини.

**Земјотреци**

Според досегашните сознанија, истражувања и анализи подрачјето на општината се вбројува во трет ред на сеизмичка активност каде што може да се очекува магнитуда на потреси
М=4.0-5.0 степени. Ова го потврдува и досегашната статистика, бидејки на подрачјето на општината досега нема регистрирано земјотреси со повисока магнитуда.Досега од случените земјотреси подрачјето на општината нама никакви штети.

**Интензивни снежни врнежи и наноси**

Анализата за интензивните снежни врнежи и наноси покажа дека на подрачјето на општината во минатото снежните врнежи и наноси не предизвикали загуби на живот и масовни повреди на луге. Најчесто имало прекин во сообракајот од наноси претежно кон селата од северозападниот дел од општината.

**Лизгање на терен и одрони**

Опасности и настанати штети има и од лизгање на земјите на подрачјето на општината .Поголеми свлечишта се случиле во 1961 година во с.Марчино при што 11 (единаесет) куки се срушени, а 15 (петнаесет) куки се оштетени. Во шеесетите години на минатиот век свлечишта се случиле и во атарите на селата Долни Стубол, Куково, Пестришино но овие свлечишта намат предизвикано поголеми материјални штети.

Одрони од масовни карпи е регистрирано на 06.02.2008 година во непосредна близина на с.Турско Рудари, но овие одрони немаат направено материјална штета.

**Несреки од атмосферски празнења (громови)**

На 23.07.2008 година од гром во с.Горно Барбарево изгорено е трло со 30 грла овци и направена е материјална штета од 575.250,00 денари.
Во 2012 година од електрично празнење (гром) усмртена е жена во атарот на с.Трооло.

**Градобијност**

Градот како природна непогода се појавува и на подрачјето на општината и нанесува материјални штети на земјоделските култури. На 24.07.2011 година од град најпогоден е атарот на с.Пишица .Површини со лозов насад оштетени се 5,95 хектари, а со градинарски култури оштетени се 4,39 хектари, и 6,6 хектари со фуражни култури.На 10.06.2013 година направена е голема материјална штета на земјоделски, градинарски култури и површини под лозја во атарите на селата Куково, Пуздерци,Зарапинци, Стрмош, Петршино и Бучиште.
На 25.06.2014 година направено е голема материјална штета од град во атарите на селата Бунеш, Трипатанци, Ратавица и Злетово.

**Определување/профелирање на потенцијалните извори на загрозување од други опасности (земјотреси,снежни врнежи и наноси, лизгање на земјиште и одрони, атмосферски празнења и градобијност) кои можат да предизвикаат одредени загрозувања на безбедноста на подрачјето на општината**

**Земјотреси**

Анализата на статистичките податоци покажува дека на подрачјето на општината досега нема регистрирано земјотреси со повисока магнитуда од 4 степени, но сепак не треба да се елиминира потенцијалната опасност од појава на сеизмичка активност можеби, како епицентрално подрачје не, но може да се почуствува активност од друго епицентрално подрачје.

**Интензивни снежни врнежи и наноси**

Снежна покривка обично се јавува од средината на месец Ноември и се задржува до средината на месец Март.Просечната висина на снежната покривка се движи до 20 сантиметри, а просечниот број на денови со врнежи од снег се од 15 до 30 дена, во последните години и помалку.Климатските карактеристики на подрачјето и конфигурацијата на теренот ја елиминираат можната опасност од снежни лавини, но понекогаш врнежите проследени со силни ветрови на поедини места формираат наноси од снег кои предизвикуваат прекин на сообраќајот на локалните патишта.

**Лизгање на земјиште и одрони**

Како потенцијален извор на загрозување опасност по лугето, објектите, инфраструктурата и др. материјални добра е и било кој вид на лизгање – свлечишта на земја и одрони на карпи.

Причина за појава на лизгање на земјата се влијанијата на природните услови.

Природните влијанија тесно се поврзани со:

-Геолошка градба на земјата

-Тектониката на земјата

-Хидролошките, климатските и морфолошките влијанија

Во доменот на влијанијата на човекот карактеристично е следното:

-Интензивна градба

-Неконтролирано засекување на теренот

-Прекумерно оптоварување на теренот

-Сечење, палење на шумската вегетација и сл.

**Градобијност**

Градобијноста како природна непогода се јавува во летните месеци и предизвикува големи материјални штети на земјоделските култури.

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ХИДРОЈАЛОВИШТЕТО

Јаловиштето е од кањонско-акумулационен тип со двојна намена.

Основната намена на јаловиштето е безбедно депонирање во него на флотациската јаловина од рудникот. Втората намена е да акумулира голема количина на вода,што ќе овозможи био-фото-хемиско разложување на реагентите присутни во јаловината,која ќе се користи како повратна технолошка вода или ќе се испушта во речните текови без да врши нивно загадување.

**Локација на јаловиштето "Скрдово"**

Јаловиштето "Скрдове" на рудникот "Злетово" е лоцирано во месноста Скрдово во долината на река Киселица на одалеченост од 4100 м од погонот за преработка на рудата. При изборот на локацијата е водено сметка да се искористи поволната топографска природа на теренот за да може да се депонира јаловината за повеќе од 24 години, при годишно производство од 600 000 тони влажна руда, но сегашното годишно производство од приближно 200 000 тони влажна руда го продолжува векот на користење на јаловиштето.

Границата на протегање на јаловиштето од северо-запад е ридот Бело брдо, а од југо-исток Озрен, со протегање по течението на река Киселица која сега е изместена преку Стрмошка река.

**Концепција на јаловиштето**

Изборот на поволно концепциско решение е да се обезбеди доволен простор за безбедно депонирање на јаловината со голема површина на таложното езеро за да се исталожуваат цврстите честички и разложуваат флотациските реагенти, за да испуштените води не ги загадуваат реките.

Концепциското решение на јаловиштето "Скрдове" се состои во изградба на две преградни брани на река Киселица, користејќи ја поволната топографија на теренот и изместувајки го коритото на река Киселица, со што е формиран голем акумулационен простор.

Изградбата на јаловиштето е реализирана во две фази. Првата фаза опфаќа изградба на две преградно-насипни брани, најпрво возводна брана и усек за скренување а река Киселица во Стрмошка река, а потоа изградба на иницијална (почетна) насипна брана во висина од 10 м., која служи како основа на низводната песочна брана. Во втората фаза на изградба се врши надградба на низводната брана со песок од јаловината до проектираната висина со што се оформува акумулациониот простор.

При изградбата на јаловиштето се врши паралелна експлотација на истото се до постигнување на завршната проектирана кота 485мНВ а потоа продолжува експлотацијата со корекција на круната на браната и со повремено испуштање на јаловината без хидроциклонирање во возводната ножица на песочната брана односно во предвидениотпростор за таложење. Корекцијата на круната и косините на браната е неопходна(перманентна) бидејки еолската ерозија е постојана појава на браната.

**Главни делови и придружни објекти на хидро-јаловиштето " Скрдово"**

Хидро-јаловиштето " Скрдове" претставува функционален комплексод повеќе делови и објекти. Како главни делови на овој хидро-комплекс ги издвојуваме:

1) Низводна брана со дренажниот систем;
2) Одводен колектор со преливни отвори;
3) Возводна насипна брана.

Во придружни објекти на јаловиштето спаѓаат: транспортниот систем за јаловината, пумпна станица за повратана технолошка вода, усек за изместување на течението на река Киселица, клизиштето кое постои во контактниот терен и др.

## КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ

Долината на р.Киселица низводно од браната има непри-зматичен карактер со можна апроксимација во трапезен пресек. чолината добива нагло проширување околу 3 км низводно кај с.Неокази, а потоа повторно се стеснува на делот каде р.Киселица го всекла своето корито меѓу двете брда Ервеник и Котлина. Поголемо проширување долината добива по вливот на р. Киселица во р.Злетовска, но истата е сеуште непризматична испресечена со многу долови и помали рекички. Вдолж р.Злетовска лоцирани се голем број населени места; с.Трипатанци, с. Лепопелци, с.Жиганци и с.Уларци од левата страна, с.Бучиште и с.Пишица од десна страна. Овој дел од долината се до вливот на р.Злетовска во р.Брегалница има големо

стопанско значение заради големите површини на оризови полиња. Непосредно низводно од с.Жиганци левата страна на р.Злетозска преминува во голема равница со оризови насади, која се покажа дека ќе биде како депонија на поплавниот бран од јаловина. На овој дел долината може да се апроксимира во широко правоаголно корито. На просторот на јаловиштето избраните пресметувачки профили се на меѓусебно растојание 50-200 м заради поточно опишување на топографските и морфолошките карактеристики, а низводно од браната пресметувачките профили се избрани на меѓусебно растојание 300-500 м водејќи сметка со нив да се прикаже локацијага на населените места, сообраќајниците, како и топографските промени. Вкупниот број на пресметувачки профили е 79, од кои 10 се на просторот од јаловиштето. За графичко прикажузање на резултатите од пресметувањето избрани се следните кара-ктеристични профили:

км 1+700 - профил на местото на браната, се карактеризирасо изразито стрми падини од двете страни на реката (падините на Озрен и Бело Брдо),

км 3+000 - профил каде долината на р.Киселица се проширува кон долот во кој е сместено с.Неокази,

км 5+000 - профил каде долината на р.Киселица е тесно всечена меѓу стрмите падини на Ервеник и Котлина,

км 6+000 - профил каде р.Киселица излегува од теснецот меѓу двете брда Ервеник и Котлина и се влива во р .Злетовска,

км 10+500 - профил каде на левата страна на р.Злетовска блиску до реката е лоцирано с.Лепопелци,а од десна страна се влева р.Белошица. Од обете страни на реката има знатни земјоделски површини-оризови насади,

км 19+300 - профил каде р.Злетовска се влева во р.Брегалница.

Кај овие профили коритото на р.Киселица не е јасно изразено, коритото на р.Злетовска е всечено во рамничарскиот земјоделски) дел на долината, а коритото на р.Брегалница е јасно изразено и со големи меандрирања се до град Штип.

## ЗОНИ НА ПЛАВЕЊЕ

